**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-91/2**

**Скопје, 25.01.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – средства од Буџетот на РМ, за 2004 година, кои се прикажани на страните 13 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – средства од Буџетот на РМ за 2003 година и е дадено негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Славко Петров, министер во периодот од 01.11.2002 година до 16.12.2004 година и
   - Садула Дураки, министер од 17.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.10.2005 до 31.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Јадранка Бошкоска, Самостоен ревизор,
   - Љубица Тошевска, Самостоен Ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Милан Ракиќ, Ревизор и
   - Марина Величковска, Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 18.01.2006 година со писмо број 1104 91/1 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:

    - Забелешките по точката 10.1.1. дадена од Секторот за земјоделство и Секторот за финансиска подршка и рурален развој, не се прифаќаат. Секторите, давајќи забелешка на оваа точка, објаснуваат дека проблемот со немање критериуми при изработка на програмата е условен од донесувањето на Буџетот кој се усвојува релативно доцна што е пречка за утврдување на оптимални критериуми. Ревизијата е на мислење дека ненавременото донесување на Буџетот е проблем кој влијае на утврдувањето на критериумите за висината средствата кои се одобруваат, но основниот проблем како системска слабост на која посочува ревизорот е непостоење на долгорочно планирање во земјоделството како основен критериум за издвојувањето на средства за стимулации во земјоделството. Донесеното Решение за начинот на остварување на правото за користење на средства од Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2004 година, од страна на министерот, ревизијата не го прифаќа како критериум за исплата на стимулација, поради тоа што ја содржи само процедуралната постапка за учество во програмата.

    - Забелешките по точката 10.1.2. и 10.1.4. алинеја 2 потточка 1., кои не се потпишани од одговорните работници во министерството, не се прифаќаат како забелешки, туку како известувања за превземени мерки во 2006 година.

    - Забелешката по точката 10.1.4. алинеја 1 и алинеја 2 потточка 2 дадена од Државниот инспекторат за земјоделство се прифаќаат во делот на надлежноста за водење на евиденција и наплата на надоместокот од концесиите на рибниот фонд и надоместокот од закупот на земјоделското земјиште.

- Забелешката по точката 10.1.4. алинеја 2 потточка 3., се прифаќа.
- Забелешките за техничките грешки и пропусти во точките 1.2 и 1.4. во Воведот се прифаќаат и истите се корегирани со Конечниот извештај.
- Забелешката по точката 10.3.2, последен став од наодот, дадена од Секторот за финансиска подршка и рурален развој, не се прифаќа, бидејќи со дополнителните аналитички ревизорски постапки, ревизијата не се увери дека секое барање за стимулација кое се пребива, особено во индивидуалниот сектор се контролира од страна на Државниот инспекторат за земјоделство.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

## 11.1. **Системски слабости**

11.1.1. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство нема утврдено критериуми за распределба на средствата за реализација на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2004 година, донесена врз основа на Законот за потикнување на развојот на земјоделството. Основен и единствен критериум е бројот на поднесени барања и одобрените средства од Централниот буџет, од што зависи висината на финансиската подршка по хектар/грло. Ваквиот начин на распределба на средствата има за ефект стихијно потикнување на правото за стимулација што создава несигурност кај земјоделските производители при планирањето на производството на идната реколта или во делот на сточарството планирање на зголемувањето на грлата. Оваа состојба негативно се одразува и на долгорочната политика за развој на земјодеството и сточарството во Република Македонија.

11.1.2. Со увид во системот на контрола при исплатата на трансферите од Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2004 година, ревизијата ги констатира следните слабости:

- Не е донесено законско решение и не е дадена правно-системска рамка за водење на земјоделството, со што би се воспоставила транспарентна реализација на финансиската поддршка и стимулација и би се утврдиле целите и мерките на земјоделската политика, институциите за поддршка, правото на користење на финансиска поддршка, носителите на земјоделската политика, следење и контрола на финансирањето во земјоделството, како и управниот и инспекцискиот надзор. Целокупната регулатива од областа на земјоделството се спроведува преку повеќе посебни закони без појдовна регулатива за севкупната земјоделска политика.
- Не е воведен интегриран систем на регистри за: вкупната површина на земјоделско земјиште и промените кои настануваат, засеаната површина, состојбата и движењето на грлата стока во сточарство, што го отежнува системот на контрола на надлежните органи.
- Во Државниот инспекторат за земјоделство вработени се 22 земјоделски инспектори, кои имаат обврска да вршат надзор над спроведувањето на околу 16 Закони, што ја отежнува контролата посебно кај индивидулните производители, каде што процентот на контрола изнесува само 3,9%.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

- Министерството нема информативен систем, со сигурен и софистициран софтверски програм кој ќе овозможи мрежно поврзување на министерството со сите подрачни единици во Републиката, ќе ја зајакне контролата и ќе овозможи поефикасно работење на министерството.

11.1.3. Поради нискиот степен на контрола во реализацијата на финансиската подршка за развој на растителното и сточарското производство, има појава на неправилности во поднесувањето на апликациите, нивната реалност и објективност. Неправилностите се посебно изразени во подршката за одржување и зголемување на основното стадо овци, за што во Програмата се обезбедени средства во износ од 100.000 илјади денари. За оваа намена со решение за пренамена на средствата во 2004 година, исплатени се 161.989 илјади денари, од кои 140.737 илјади денари на индивидуални производители - физички лица. Во прилог на ваквата констатација е Извештајот на Државниот инспекторат за земјоделаство од ноември 2005 година, во кој се утврдени неправилности кај 440 апликанти со вкупна вредност од 7.141 илјади денари. Поради непостоење на систем на регистрирање и обележување на овците, отежнат е системот на контрола и во овој дел од сточарството има најголема појава на неправилности, 31% од вкупните неправилности. Слична појава се јавува и при финансиската подршката за производство на пченка, 28%, а кај лозовите насади неправилностите учествуваат со 21%.

11.1.4. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежен орган за водење на управните постапки за издавање концесии за користење на добрата од општ интерес за Република Македонија за концесиите на рибниот фонд, на дивечот во ловиштата и за користење и издавање на државното земјоделското земјиште под закуп. Со ревизија на контролниот систем и начинот на прибирање на средствата во Буџетот на РМ се констатира следното:

- Во рамките на министерството, управната постапка за издавање на концесиите за рибниот фонд ја води Секторот за земјоделство, а Државниот инспекторат за земјоделство е одговорен за надзорот над примената на Законот за рибарство. Средствата од надоместокот од концесиите на рибниот фонд се уплатуваат на сметка во Буџетот на РМ на која во 2004 година се уплатени 1.493 илјади денари, податок добиен од Министерството за финансии. Управата за јавни приходи согласно измените на Законот за концесии од 2003 година е овластен државен орган да врши надзор и наплата на надоместокот од доделената концесија, а Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да достави примерок од договорот за концесија до Управата за јавни приходи. Ревизијата констатира дека договорите за концесии на рибниот фонд не се доставуваат до УЈП. Поради ова како и поради подвоениот систем на надлежностите во доделувањето, контролата и наплатата на концесиите кај два различни државни органи, помеѓу кои не постои координираност и ажурна евиденција, државата нема целосен увид и контрола во наплатата на концесискиот надоместок од рибниот фонд што има за ефект низок процент на наплата на средства во Буџетот на РМ.

- Кај системот на издавање на земјоделското земјиште под закуп ревизијата ги констатира следните слабости:

1. Со измените и дополнувања на Законот за земјоделското земјиште од 2004 година дадено е право на министерот со непосредна спогодба да издаде во краткорочен закуп до една година, земјоделско земјиште и земјиште за потребите на научни или образовни институции со што се создаваат услови за субјективизам и нетранспарентност во постапките за давање на земјоделското земјиште во закуп.

2. Државниот инспекторат за земјоделство е одговорен за надзорот над спроведувањето на одредбите од Закон за земјоделското земјиште но нема целосна евиденција и увид на вкупно уплатените средства на име надоместок за закуп поради подвоениот систем на надлежности во законските решенија. Министерството располага со евиденција за склучени договори за издаденото земјиште под закуп, почнувајќи од 1999 година. Средствата се уплаќаат на сметката на Буџетот на РМ и во 2004 година по кој основ се уплатени 3.848 илјади денари, што претставува многу мал процент на наплата. Од друга страна, министерството нема воспоставено систем на меѓусебно информирање со Управата за јавни приходи, која со дополнувањето на членот 36 од Законот за концесии (Сл.весник на РМ бр.24/03), е овластена институција да врши надзор и наплатата на надоместот на доделената концесија. Министерството доставува до Управата за јавни приходи договори за закуп само во случај кога по извршената контрола е констатиран неплатен надомест од закупецот, а со цел да се наплати надоместокот.

**Препораки и мерки**:

1. Министерството да донесе акт со кој ќе ги утврди критериумите за распределбата на средствата за реализација на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството, засновани на утврдена долгорочна политика со дефинирани приоритети.

2. Да се изгради систем на интерни контроли за оправданоста на трансферите до крајните корисници, кои ќе бидат подршка на Државниот инспекторат во вршењето на надзорот над наменското користење на средствата и да се оцени потребата од донесување на Закон за земјоделство кој ќе ги обедини посебните закони кои ја регулираат основната дејност на министерството.

3. Владата на РМ да ја оцени оправданоста од измените во членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште од јануари 2004 година со кој е дадено право на министерот да склучува договори за краткорочен закуп до една економска година, со непосредна спогодба, а министерството во соработка со УЈП, да превземат мерки и активности за воведување на систем на следење и контрола над наплата на надоместокот од концесиите од рибниот фонд и наплатата на надоместокот од издаденото земјиште под закуп.

## 11.2. Слабости во финансиското работење и известување

11.2.1. Како резултат на непостоење или неприменување стратегија во планирањето на земјоделското производство и слабостите во системот на интерни контроли, во 2004 година има појава на големи отстапувања во реализацијата на средствата од Програмата за потикнување на развојот на земјоделството (***Прилог 1***). Министерот користејќи го своето право да врши пренамена на средствата во рамките на Програмата, во втората половина во месец декември 2004 година прераспределил средства на следните субјекти:

| Субјект | Износ во 000 ден | Дата на исплата |
|---|---|---|
| ЈП за пасишта – Скопје | 10,000 | 23.12.2004 |
| ЈП Агро- Берза – Скопје | 6,500 | 23.12.2004 |
| ЈВП Водостопанство на Македонија - Скопје | 6,396 | 16.12.2004 |
| **Вкупно** | **22,896** | |

Ревизијата изврши увид во трошењето на средствата кај овие субјекти при што ги утврди следните неправилности:

- Со Решение од 23.12.2004 година извршена е пренамена на средства во рамките на Програмата, во износ од 10.000 илјади денари за финансиска подршка за подигање на вештачки ливади и пасишта. Средствата се исплатени на ЈП за пасишта, врз основа на Анекс договор за користење на средства предвидени со Програмата. Со Програмата за оваа намена се планирани 8.000 илјади денари, а се исплатени 18.000 илјади денари и покрај тоа што основен извор на приходи на ЈП за пасишта, согласно Законот за пасишта, се пашарините, надоместок од корисниците на пасиштата. Ревизијата утврди дека во 2004 година од планираните 20.000 илјади денари приход од пашарина, претпријатието остварило само 5.116 илјади денари, или 26% од планот. Ревизијата не можеше да се увери во наменското и законско трошење на средствата во ЈП за пасишта, добиени од министерството, со оглед на фактот што во ЈП за пасишта, освен фактури од добавувачи, немаше никаква поткрепувачка документација која ќе ја оправда веродостојноста на исплатените средства. Дел од средствата во износ од 5.733 илјади денари се исплатени на ДГТУ - Атомиум од Кичево за изведување на градежни работи на бачилата: Никифорица – Гостивар, 2.821 илјади денари; Зендел бег, 1.276 илјади денари. и Челоица, 1.276 илјади денари. На ДТУ Спидком од Скопје за градежни работи на бачилото Голема мегданица во Дебар, исплатени се 1.939 илјади денари. Согласно Законот за потикнување на развојот на земјоделството и Програмата, надзор врз наменското користење на средствата на корисниците врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во 2004 година министерството не извршило надзор ниту ревизијата доби извештај за работењето на ова претпријатие.

- Со Решение од 23.12.2004 година извршена е пренамена на средства во износ од 6.500 илјади денари на ЈП Агро - Берза Скопје. Корисникот на средствата се обврзал дека средствата ќе ги искористи наменски и тоа за обнова на ЦД "Македонски агробизнис", ажурирање на WEB страна и учество на саеми. Со увид во финансиската документација во ЈП Агро - Берза, ревизијата утврди дека средствата се потрошени за подмирување на обврските по основ на плати за 2004 година,

надоместоци на Управниот и надзорниот орган, кирии за станови што ги користат раководните лица во Берзата, а не и за намени утврдени со Договорот за користење на средствата. Во 2004 година не е извршен надзор од страна на министерството, ниту ревизијата доби извештај за работењето на претпријатието.

- Врз основа на заклучок на Влада од 13.12.2004 година исплатени се средства на ЈВП Водостопанство на Македонија за систематизирање и оформување база на податоци неопходни за изготвување на Информација за состојбата во постојните водостопански претпријатија и други субјекти кои вршат водостопанска дејност во Република Македонија. Со увид во финансиската документација во ЈВП Водостопанство на Македонија, ревизијата утврди дека средствата во износ од 3.717 илјади денари се исплатени за плати, а останатите средства се исплатени од сметката на претпријатието по основ на блокада од судски решенија, односно средствата се ненаменски потрошени.

11.2.2. Преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализира проектот Вардарска долина, за изградба и реконструкција на затворени системи за наводнување со површина од 3000 ха поставени како четири независни системи: Миравци, Удово Негорци и Паљурци. Проектот е одобрен во јануари 2003 година со финансиска конструкција од 15 милиони ЕУР од кои 8.1 милион се германски кредит, 3.2 милиони евра се од Буџетот на РМ и 3.7 милиони евра се учество на земјоделците со купување на опрема. Единицата за имплементација на проектот е со седиште во Гевгелија. Ревизијата констатира доцнење во реализацијата на проектот, што повлекува и доцнење со повлекувањето на средствата од кредитот, за што министерството плаќа затезна камата во висина на 0.25% на неповлечените средства. По овој основ во 2004 година исплатени се 1.909 илјади денари ( 30.793 ЕУР) непланирани средства. Одлевањето на средствата за сервисирање на каматата, го доведува во прашање реализирањето на Проектот, во целост.

Ревизијата има обврска да укаже дека преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализира изградбата на објектот "Брана со придружни објекти" во склоп на хидросистемот Лисиче – Велес, отпочнат во 1991 година со вредност на работите во основниот договор од 418.741 илјада денари, со рок на изведба од 24 месеци. По 10 години, во 2001 година министерството потпишува Анекс Договор со вредност на работите од 1.209.091 илјада денари, со рок на изведба до 31.10.2002 година. Работите сеуште не се изведени и за оваа намена во 2004 година се исплатени средства во износ од 189.979 илјади денари. Продолжениот рок на изградба на објектот повеќекратно ги зголемил средствата утврдени со основниот договор.

11.2.3. Преку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализира Програма за ревитализација на села. Цел на програмата е подобрување на условите за живеење во селата преку инвестирање од Буџетот на РМ за реконструкции на водоводи, фекални канализации и локални патишта. Корисници на средствата се локалните и месни самоуправи кои поднесуваат Програма и барање до служба на министерството. Со увид во начинот на реализација на оваа Програма, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- Во 2004 година средствата во износ од 14.167 илјади денари се исплатиле без донесена Програма за 2004 година поради што, ревизијата не беше во можност да го утврди наменското користење на средствата.
- Доделувањето на средствата е извршено без утврдени критериуми за доделување на средства за оваа намена, што укажува на не транспарентност (јавен повик или комисија) и можен субјективизам при одлучувањето и изборот за распределбата на средствата од страна на одговорните лица кои непосредно го вршат изборот на општините - месните самоуправи на кои ќе им се исплатат средства, со склучување на договор. Во 2004 година како баратели на средства по оваа Програма се јавиле околу 40 општини, а средствата се одобрени на 18 општини. За распределбата на средствата дирекно одлучуваат одговорните лица во министерството: министерот, заменик министерот и државниот секретар.

**Препораки и мерки**:

1. Владата на Република Македонија да ја преиспита Одлуката за основање на јавни претпријатија кои не ги извршуваат активностите во областа на дејностите за кои се формирани, а кои се регулирани со посебни закони и создаваат расходи кои ги покрива Буџетот на РМ.
2. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да врши надзор над работењето на јавните претпријатија, обврска утврдена со Закон, да го утврди наменското трошење на средствата кои како финансиска подршка ги добиваат од министерството и да ја утврдат причината за неостварувањето на приходите од вршење на дејноста за која се основани.
3. Одговорните лица во Проектните единици, за средствата кои ги добиваат како кредит, да ги почитуваат роковите во реализација на зацртаните фази во имплементацијата на проектот, а со тоа и во повлекувањето на средствата, за да ги избегнат трошоците за казнени камати за неповлечени средства.
4. Програмата за ревитализација на селата треба да се изработи врз основа на точно утврдени критириуми за висината на средствата по општини (број на жители, површина и слично), со утврдени приоритети во исплатата, земајќи ги во предвид и неисплатените барања од претходните години со што би се елиминирал субјективизмот, нетранспарентноста и нееднаквоста при распределбата на средствата од страна на лицата кои раководат со министерството.

### 11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство не извршило попис согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно не ги испочитувало начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Министерството нема целосна евиденција на средствата добиени по основ на донации од минати години, до денот на ревизијата не е утврдена нивната вредност, ниту е обезбедена материјална одговорност на лицата кои ја користат опремата, што создава услови за злоупотреба на истите. Од наведените состојби

ревизијата изразува сомневање во реалноста и објективноста на искажаната вредност на позициите материјални средства и извори на деловни средства во Билансот на состојба.

11.3.2. Согласно договорите со Владата на Јапонија преку Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство се реализира Програмата за зголемување на производството на храна во Р.Македонија во форма на неповратна помош. Програмата се реализира преку пет 2КП проекти со вкупна вредност од 12.153.152 $ со кои се опфатени 80 правни лица и над 250 индивидуални земјоделски производители, кои добиле земјоделска механизација. Корисниците на земјоделската механизација склучиле договори за кредит за набавена опрема финансирана од помошта на Јапонија, со обврска за враќање на средствата од кредитот под услови утврдени во Договорот. Со увид во вонбилансната евиденција до која дојдоа ревизорите и Информацијата за состојбата и идните активности од Програмата за зголемувањето на производството на храна во РМ и 2КП проектите, може да се констатира загрижувачка наплата на средствата во Компензациониот фонд. Процентот на наплата од првите четири проекти изнесува само 15,7 %, а од последниот проект 2КП 01, кој се реализираше во периодот 2002/2003 година, наплатата се движи во рамките од 65-70%, како резултат на посериозни форми на обезбедување на наплатата (банкарска гаранција за правни лица и жиранти за физички лица). Причините за ваквата состојба на отплата на кредитите во најголем број случаи се субјективни, односно механизацијата е дадена на лица кои неодговорно се однесуваат кон обврската за плаќање. Со некои корисници на механизацијата министерството не склучило договори, односно механизацијата е дадена без обврска за плаќање, дел од корисниците отишле во стечај или се ликвидирани, дел не се регистрирани како земјоделски производители. Ревизијата констатира дека министерството не обезбедило механизам за наплата на средствата по основ на дадени кредити, што има за последица намалување на средствата од компензациониот фонд кои треба да се вратат во земјоделството за идните корисници на земјоделската механизација.

За реализација на јапонскиот грант министерството отворило депозитни сметки во Универзална Инвестициона банка А.Д.Скопје, Комерцијална банка А.Д.Скопје и Народна банка на РМ, на кои се уплатуваат средствата. До денот на ревизија на овие сметки уплатени се вкупно 173.596 илјади денари, за кои министерството нема сметководствена евиденција согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно овие приходи не се прикажуваат при проценка на буџетите и немаат трезорска подршка согласно Законот за буџети.

Министерството нема отворена посебна сметка во главната книга на трезорот, ниту ја има евидентирано во сметководството целокупната земјоделска механизација набавена со јапонскиот грант, која до отплатата од страна на корисниците треба да биде сопственост на министерството.

Ревизијата утврди дека министерството воспоставило пракса наплатата на побарувањата по овој основ, да ја врши по пат на пребивање со средствата што ги бараат корисниците на механизацијата, за финансиска подршка, при што министерството врши директна уплата во Универзална инвестициона банка во име и за сметка на должниците по основ на кредит. Вкупно уплатени средства од страна на министерството по пат на пребивање во 2004 година, од растително и сточарско производство изнесуваат 17.530 илјади денари. Ревизијата изразува



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

сомневање во основот за пребивање и затварање на дел од побарувањата, поради ниският степен на контрола во индивидуалниот сектор.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството да изврши попис согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, да се изврши инвентарисување на сите средства, усогласување на фактичката со сметководствената состојба, да се евидентираат сите вишоци и кусоци и да се изврши проценка на вредноста на средствата кои не се евидентирани.

2. Да се реализира заклучокот на Владата на РМ од 12.10.2004 година во правец на превземање на правни мерки од страна на министерството за наплата на долговите од корисниците на земјоделска механизација таму каде тоа ќе биде можно, а онаму каде нема да биде можно да ги раскине договорите за земјоделска механизација и истата да ја одземе и прераспредели на други корисници.
   Министерството, депонираните средства од деловните банки да ги префрли во Народна банка и да отвори посебна сметка за приходи од донации.

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.4.1. Ревизијата изразува сомневање во вистинитоста и реалноста на исплатените расходи за извршено вакцинирање на животните од страна на ветеринарните станици кои ги покрива министерството од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2004 година во вкупен износ од 22,890 илјади денари од следните причини:

- Во дел од потврдите за вакцинација кои ги доби на увид ревизијата присутна е појава на допишување на бројот на третирани животни а дел од истите не се потпишани од сопствениците на животните со што би се потврдила извршената услуга.
- Записниците од ветиринарните инспектори со кои треба се потврди извршеното вакцинирање се изготвуваат неколку месеци после извршената теренска работа од страна на ветеринарните станици што е во спротивност со склучените договори во кои е регулирано задолжително присуство на ветиринарен инспектор при извршување на работите.
- Дел од списоците за бројот на третирани домашни животни кој се доставуваат со фактурите од страна на ветеринарните станици се со заокружени броеви на вакцинирани домашни животни што создава дополнително сомневање за нивната точност.

Ваквите недостатоци во системот на интерни контроли не овозможуваат целосна контрола на извршените услуги од страна на ветеринарните станици и создаваат услови за манипулации при прикажувањето на бројот на вакцинирани домашни животни и извршени крвни проби, расходи кои треба да се покријат од Буџетот на РМ.

11.4.2. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во декември 2004 година склучило Договор со ТДППИ Вардарградба ДОО с. Трубарево - Скопје за реконструкција и санација на десен магистрален

канал од ХМС Брегалница, делница с. Мустафино во износ од 46.551 илјади денари, со што превзело обврски кои ги надминуваат средствата утврдени со Програмата за финансиска подршка за развој на водостопанството во 2004 година, за износ од 37.351 илјада денари, спротивна на член 23 од Законот за буџетите. За превземените обврски не е известено Министерството за финансии.

11.4.3. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство од Програмата за финансиска подршка за развој на водостопанството во 2004 година, исплатило средства во износ од 6.481 илјада денари врз основа на Анекс договори од 2002 година за изведба на дополнителни работи на објектот Водоснабдување на градот Кавадарци со технолошка вода - Шамаците од АД Пелагонија – Скопје. Основниот Договор во износ од 6.659 илјади денари е исплатен во 2002 година од страна на Проектната единица за имплементација на Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето во чија надлежност е оваа инвестиција. Со извршениот увид во документацијата поврзана со овој проект, ревизијата констатира дека набавката во 2002 година е извршена со непосредна спогодба. Анексите на договорите, ја зголемуваат вредноста на основниот договор за 97%. Истите се склучени еден месец по основниот договор, не се потпишани од овластен преставник на Министерството за финансии и имаат печат на Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето кој не одговара на оригиналниот печатот за заверка на Проектот и не се заверени во Архивата на Проектот.

11.4.4. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во 2004 година, без согласност на Министерството за финансии, извршило пренамена на средствата и од Програмата за проширена репродукција на шумите исплатило средства во вкупен износ од 4.573 илјади денари на ЈП национални паркови и ловишта Јасен. Обврската на министерството кон ЈП Јасен произлегува од Договор склучен во 1998 година со важност до 31.12.2008 година, но средствата за оваа намена не се обезбедени со буџетот на министерството. Ненаменското трошење на средствата е констатирано и со Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2004 година.

**Препораки и мерки:**

1. Ветеринарната управа да ги зајакне интерните контроли при вршењето на вакцинациите со присуство на терен на ветеринарните инспектори при реализацијата на Програмата.

2. Одговорните лица во министерството да ги почитуваат одредбите од Законот за буџети и да не превземаат обврски за кои не се обезбедени средства.

3. Одговорните лица во Проектните единици, за средствата кои ги добиваат од Буџетот на РМ, да ги почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

4. Одговорните лица во министерството, средствата да ги трошат согласно Програмите и намените за кои се предвидени а сите пренамени за исплата


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

да се вршат со претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - средства од Буџетот на РМ под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2., 11.3. и 11.4., кај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на министерството во текот на ревизијата и известување за превземените мерки по препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година.

14.1.1. Од страна на ревизијата извршена е сметководствена корекција со која Позициите на Државниот јавен капитал и Материјални средства во Билансот на состојба се зголемуваат во вкупен износ од 12.564 илјади денари за износот на извршените вложувања за изградба и опремување на Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ). Корекцијата е спроведена од страна на министерството со налог за книжење број 1 од 2005 година, со што Активата и Пасивата во Билансот на состојба се зголемува за истиот износ.

14.1.2. Согласно Законот за државна ревизија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не го известил Државниот завод за ревизија за превземените мерки во врска со наодите содржани во Конечен извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година. Со ревизија на финансиските извештаи за 2004 година, ревизијата констатира дека се превземени мерки само во делот на сметководствените политики и начела.

**Скопје, 28.02. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 1,384,597 | 928,536 |
| **Вкупно приходи** | | **1,384,597** | **928,536** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 128,535 | 117,814 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 34,986 | 60,210 |
| Тековни трансфери | 3.2.3. | 749,548 | 478,544 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **913,069** | **656,568** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1. | 185,079 | 64,470 |
| Капитални трансфери | 3.3.2. | 286,449 | 207,498 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **471,528** | **271,968** |
| **Вкупно расходи** | | **1,384,597** | **928,536** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 486 | 52 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 0 | 44 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 101,502 | 121,547 |
| **Вкупно тековни средства** | | **101,988** | **121,643** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 35,593 | 27,934 |
| **Вкупно постојани средства** | | **35,593** | **27,934** |
| **Вкупна актива** | | **137,581** | **149,577** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 91,840 | 112,702 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 10,146 | 8,925 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 2 | 16 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **101,988** | **121,643** |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 35,593 | 27,934 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **35,593** | **27,934** |
| **Вкупна пасива** | | **137,581** | **149,577** |

Образлиженијата се составен дел на финансиските извештаи

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **27,934** |
| **Зголемување по основ на:** | **21,647** |
| Набавки | 2,487 |
| Инвестирања во ДФЛ | |
| корекции по ревизија | 12,564 |
| Добиени средства од Фонд за земјоделие | 3,226 |
| Средства од донации (ИСМА,ГТЗ) | 3,333 |
| Добиени средства од Фонд за води | 37 |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **(13,988)** |
| Расходување | |
| Преостапено возило на СОЗР | (1,181) |
| Амортизација | (12,807) |
| Расходи и отуѓувања | - |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **35,593** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

**Прилог 1**

**Финанисика поддршка за развој на растително производство**

**во 000 денари**

| | Програма | Реализирано |
|---|---|---|
| Пченка | 88,000 | 26,932 |
| Јачмен | 121,000 | 62,721 |
| Шеќерна репа | 3,200 | 1,856 |
| Сончоглед | 14,800 | 13,518 |
| Ген Банка | 1,000 | 900 |
| Вештачки ливади | 8,000 | 18,000 |
| Лозови насади | 30,000 | 11,346 |
| **Вкупно** | **266,000** | **135,273** |



**Прилог 1-1**

**ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМА И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2004**

**Сточарско производство**

**Финансиска поддршка**

**во 000 денари**

| | Програма | Реализирано |
|---|---|---|
| Одгледување на крави | 34,500 | 29,609 |
| Одгледување на овци и овни | 102,500 | 163,189 |
| Одгледување на кози | 3,000 | 3,258 |
| Одгледување на свињи | 33,000 | 32,062 |
| Останато (риболов и пчеларство) | 5,000 | 3,811 |
| Матично книговодство | 4,500 | 4,500 |
| Идентификација на автохтони видови | 500 | 500 |
| **ВКУПНО** | **183,000** | **236,929** |






*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------